| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Оптшина Битола |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ГЕИНГ ДОО, Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | м-р Верица Ристовска, диа |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. Борис Трајковски бр. 111,<br>1000 Скопје<br>тел. 072/255-178 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистичкиот проект (во понатамошниот текст УП) ќе се изработи во согласност со Услови за планирање на просторот, Проектна програма, увид на лице место, ажурирана геодетска подлога, податоци и информации од Јавните претпријатија, а се во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 117/24, 224/24, 40/2025, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25), како и друга релевантна законска регулатива. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Проектниот опфат не е во граници на други постојни плански документи, односно проектниот опфат навлегува во опфат за УПС за село Дихово кој е во фаза на изработка и донесување. За оваа област не се претходно изработувани други плански документации или Услови за планирање на просторот. Ова е информација добиена согласно известување добиено од општина Битола бр. 30-1257 од 14.07.2022г.<br>Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола се однесуваат за површина од 4,9ha (Тех. бр.Y46522 од февруари 2023). Дел од оваа површина е и проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола со површина од 12 145м2 односно 1,21ha. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да - просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Да – површината на областа која е предмет на овој проект е 1.21ha | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола се изработува за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331.<br>Актуелниот проблем со свлекување на теренот на предметната локација е застапен подолго време. Станува збор за свлечиште од поголеми димензии кое за прв пат се активирало во 70-тите години на минатиот век. Низ годините па се до ден денес во неколку наврати правени се истражни работи, како и обиди за санација на свлечиштето и стабилизација на теренот. Изведуваните санациони мерки во одреден период се покажуваат како задоволителни при што повторно се актуализира проблемот.<br><br>Треба да се истакне дека паралелно со регионалниот патен правец, предмет на оваа техничка документација, поминува собирен (алиментационен) канал кој е во склоп со хидро-мелиоративниот систем “Стрежево”.<br><br>Од севкупната техничка документација како и од спроведените теренски и лабораториски истражни работи, може да се констатира дека станува збор за поголемо старо фосилно свлечиште во чии рамки се забележани поплитки свлекувања, а во сите досегашни извршени истражувања, не е јасно колкави се неговите димензии во длабочина. Деформациите на коловозот како на регионалниот пат така и на стариот пат до Нижеполе укажуваат дека свлечиштето е со големи димензии.<br><br>Со новоспроведените истражни работи во голема мера подетално се претпоставени како границите на свлекување така и длабочината на рамнината на лизгање. Од друга страна констатирани се литолошките единици, јакосно деформабилните параметри на застапените почвени материјали, нивото на подземна вода и сл. | | | |

Како главни причини за појава на свлекувањата се наведуваат:

- Изведените земјани работи за алиментациониот канал како и за самиот регионален пат.
- Намалената функција на ободниот канал, со што се врши директно прихранување со вода на телото на свлечиштето.
- Изведените индивидуални објекти, со пропратните земјани работи ископи насипи и сл. дополнително ја пореметуваат природната морфологија на теренот.
- Постојните пропуст делумно или целосно ја имаат изгубено својата функција.
- Можни оштетувања на алиментациониот канал и континуирано прихранување на свлечиштето со инфилтрирана вода.

Поради сето наведено погоре како и комплексноста на проблематиката, санационите мерки на коловозот предвидено е да се изведуваат во две карактеристични фази.

Фаза I - Во оваа фаза, со цел попрецизно да се определат деформациите, односно брзината на ползење, како и насоката на деформации, границите на активната зона и сл., предвидено е да се изведат оскултациони конструкции. Со цел да се оскултираат деформациите на теренот како на површина така и во длабочина предвидено се да се изведат површински геодетски реперни точки и инклинометарски конструкции.Исто така со цел да се пратат осцилациите на нивото на подземна вода (и истите да се споредуваат со податоците за деформациите на телото на свлечиштето) предвидена е изведба на пиезометарски конструкции. Предвидените мерки во оваа фаза се очекува да ја стабилизираат состојбата на деформации на свлечиштето преку спречување на зголемената инфилтрација на вода во телото на свлечиштето. Од друга страна со редовната оскултација би се увиделе ефектите од санационите мерки и доколку истите не се задоволителни би се преминало кон втора фаза (Фаза II), за обезбедување на функционалноста на патот.

Фаза II - Оваа фаза се предвидува да се изведе доколку со мерките во прва фаза не се постигнат задоволителни резултати по однос на деформациите кои се јавуваат на коловозот. Односно доколку по завршувањето на првата фаза сеуште се појавуваат драстични деформации на коловозната конструкција кои ја нарушуваат функционалноста на коловозот, се спроведуваат мерките од Фаза 2.

Со оглед на големината на телото на свлечиштето, големата комплексност за негово целосно потпирање како и високата инвестиција за изведба на такви потпорни конструкции, како најприфатливо решение усвоено е да се изврши премостување на зоната на свлекување со мостовска конструкција. Ваквата конструкција е проектирана да овозможи непречено движење на телото на свлечиштето, а при тоа патниот правец да остане целосно функционален.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2025 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола се наоѓа југозападно од населеното место Дихово во Општина Битола на надморска височина од 940-965 метри.

Нижеполе , село во Општина Битола, во околината на градот Битола. Сместено е на падините на Баба Планина, во западниот дел на регионот Пелагонија. Селото се наоѓа на границата со Националниот Парк „Пелистер“ и е на само 10 км од градот Битола и претставува важно одредиште за рекреативците и другите туристи од регионот и државата, но исто така и соседните земји особено Грција и Албанија. Бројните излетнички места, планинарски патеки и скијачки терени со кои изобилува околината привлекуваат иљадници посетители преку текот на целата година. Графичка илустрација на предметната област на детална топографска подлога е прикажана на слика 1, 2 и 3, исто така на топографска подлога и сателитски снимка од макролокација на предметната локација .




Предметниот терен се наоѓа на на регионален пат Р 2331 патен правец Битола – Ниже Поле




Со изведба на УП ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и економски ефекти. Согласно со податоците од теренската инспекција нема деформитети на овој дел од нестабилната зона и нема видливи оштетувања и пукнатини на куќите. Индивидуалните куќи се лоцирани на двете страни од патот. Земајќи ја во предвид конструкцијата на земјиштето, куќите на десната страна на патот (со поглед кон Битола - Ниже Поле) се на повисока кота од куќите лоцирани на левата страна од патот. Стандардниот попречен профил низ средината од нестабилната зона и нормално на патот има мал наклон. Освен постоечките станбени објекти, во зоната на свлечиштето, покрај левата страна на патот се води и алиментациониот канал од хидросистемот "Стрежево". Со оглед на тоа што нема информации за моменталната состојба на каналот, можно е, заради негово оштетување во зоната на свлечиштето да се случува континуирано прихранување со вода на свлечиштето директно од каналот. Исто така, и нецелосното функционирање на ободниот канал над патот доведува до директен доток на атмосферската вода во свлечиштето, а во прилог на тоа оди и тоа што постојните пропусти ја имаат делумно или целосно загубено својата функција. Врз основа на Проектната програма примарната цел на решението е развивање на мерки за санација и превенција на понатамошни нестабилности и свлекувања на регионалниот пат.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола се изработува за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331, со што при изработка на оваа документација се внимава да не дојде до нарушување на вредностите на заштитеното природно наследство и се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да
Не √

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐
Не √

| Резиме на влијанијата врз животната средина (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Повеќето проектни активности имаат потенцијал да создадат влијанија врз животната средина и врз општествениот живот. Таквите влијанија можат да варираат од незначителни до високо значителни и од краткорочни до долгорочни.<br>Скоро сите влијанија можат да бидат намалени преку имплементирање на мерки за ублажување/намалување/компензирање.<br>Ефективните мерки за ублажување се оние, кои се проектирани со цел - намалување на постоечките или предвидени влијанија од поединечните активности. Мерките за ублажување можат да бидат ефективни само доколку се применуваат соодветно и доколку се воспостави систем за следење на нивната имплементација, за да се осигура дека мерката резултира со планираниот ефект.<br>Генерално од процесот за стабилизација на свлечишта не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на животната средина. Можни се незначителни влијанија, кои потекнуваат од начинот на управување со: почва, воздух, бучава, отпад. За таа цел, подготвена е Програма за заштита на животната средина во која се предложени активности за надминување на можните недостатоци, како и временска рамка за нивна имплементација. Со имплементирање на предложените мерки во Програмата, ќе се постигне интегрирана заштита на животната средина. Програма за заштита на животна средина, содржи со решенија/мерки изразени преку намалување на емисии, намалување на создавање на отпад и намалување на користење на енергија и природни ресурси, како и мерки за следење на состојбата на животната средина и мерки за заштита на животната средина и здравјето на луѓето во случај на настанување на хаварија, несреќа или вонредна состојба. Мерките се предвидени во согасност со важечките законски прописи кои се однесуваат на ваков тип на активности (односно Законот за заштита на животната средина, Законот за води, Законот за управување со отпад, Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи). Имплементацијата на ефикасен систем за управување со животната средина овозможува постепено усовршување, односно подобрување на животната средина и општествените влијанија. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација за изградба, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот како подобрување на областа, заштита и намалување на ризикот од поплавување, ерозија и транспорт на наносот за населението и земјоделските површини низводно и одржување на одржлив развој на речниот екостистем, заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и |

| | |
|---|---|
| | природната плодност на земјиштето.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектот се проценуваат како не значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираниот објект долгорочно ќе опстојува на оваа локација.<br>Влијанието врз животната средина од ваков тип на проектни активности претставува сублимат од три видови на влијанија, односно влијанија изразени за време на подготвителната, конструктивната и оперативната фаза од проектот. Подготвителна фаза – ги вклучува сите подготвителни активности пред почетокот на предметната локација. Подготвителната фаза временски е краткотрајна и претставува подготовка на теренот за конструктивната (градежна) фаза. Оваа фаза временски е ограничена и зависи од динамичкиот план за изведување на градежните активности а воедно ќе зависи и од временските услови и конфигурацијата на теренот. Во оваа фаза предвидено е расчистување и подготовка на теренот за активностите кои што ќе следат во конструктивната фаза. Расчистувањето на теренот подразбира отстранување на постојната вегетација, отстранување на хумусната покривка и машински ископ на вишокот земја, (пренесување на дел од опремата). Во оваа фаза исто така ќе бидат превземени првичните мерки за заштита на животната средина: организирање на движењето и работата на градежната механизација, како и поставување на соодветни садови за колектирање на отпадот. Влијанијата врз медиумите на животната средина во оваа фаза ќе бидат локални, краткотрајни и значителни. - Конструктивна фаза – се однесува на процесите при проектните активностите. Оваа фаза временски е ограничена со градежните активности и зависи од динамичкиот план кој треба да се предвиди согласно Основниот проект, а воедно ќе зависи и од временските услови на теренот. Влијанијата врз медиумите на животната средина во оваа фаза ќе бидат локални, краткотрајни и значителни. Оперативна фаза – За време на оперативната фаза влијанијата врз медиумите и областите од животната средина можни се доколку се појави потреба. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Нема ризик по животот и здравјето на луѓето и животната средина, сите мерки кои се планираат со овој проект се за заштита, подобрување на околината и намалување на ризикот од несреќи кои ќе влијаат |

| | |
|---|---|
| | негативно |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Површината на областа која е предмет на овој проект е 1.21ha. Со свлечиштето се опфаќа и делницата од регионалниот пат со должина од околу 200 m |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331, Општина Битола во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредување на просторот, социо-економски развој. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот како подобрување на областа, заштита и намалување на ризикот од поплавување, ерозија и транспорт на наносот за населението и земјоделските површини низводно и одржување на одржлив развој на речниот екостистем, заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Според постоечките законски прописи во Р.С Македонија кои се однесуваат на заштита на природните вредности и реткости, односно врз основа на Законот за заштита на природата (“Сл. Весник на Р. Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16; **Член 66**) дефинирани се следниве категории на заштитени подрачја: 1.Строг природен резерват; 2. Национален парк; 3. Споменик на природата; 4. Парк на природата; 5.Заштитен предел; и 6. Повеќенаменско подрачје. Според овој закон заштитените подрачја опфаќаат: “природни живеалишта, екосистеми, геолошки и физичко-географски формации кои се карактеристични на територијата на Република Северна Македонија“. За секоја категорија на заштитено подрачје дефинирани се својствата кои го карактеризираат, начинот на управување, надлежниот орган или институција за управување, како и активностите кои се дозволени и активностите кои се забранети за изведување во рамките на истото. Категоризацијата на заштитените подрачја во Република Македонија е направена во согласност со категоризацијата на Меѓународната Унија за Заштита на Природата (IUCN – International Union for Conservation of Nature). Најблиското и најзначајно заштитено подрачје во близина на предметната локација е Националниот Парк “Пелистер“. Сепак, предметната локација се наоѓа на |

| | |
|---|---|
| | безбедно растојание од сите околни заштитени подрачја, односно истите нема да бидат засегнати од изведбата на проектните активности. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема да се надминат стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Проектната локација за која се работи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола, е претежно градежно неизградено земјиште, и има потреба од санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола.<br>Од постојната состојба може да се забележи дека има постоен пат од асфалт 1600,35м² односно 13,18%, постоен пат од земја 90,15м² односно 0.91%, постоен пат од бекатон 8,40м² односно 0,07%, постоен земјен канал 36,44м² односно 0,30% постоен бетонски канал 350,97м² односно 2,89% постоен ѕид - габиони 100,18м² односно 0,82%, постоен ѕид 20,56м² односно 0,17%, постоен пропуст 31,37м² односно 0,26% а останатиот дел од проектниот опфат е неизградено земјиште со површина од 9906,58м² или 81,57%.<br>При изработка на планската документација локациите за сите содржини приоритет е заштита на земјоделското земјиште, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Релативно поволните природни услови овозможиле и подрачјето на Битола, Битолско и пошироко во далечното минато да има големо богатство во шумски фонд. Најголемите и најквалитетните шумски комплекси во Битолската општина се протегаат во подрачјето на планинскиот врв Кајмакчалан на Ниџе Планина и врвот Пелистер со Баба Планина, како и делови до Бигла Планина. Најблиското и најзначајно заштитено подрачје во близина на предметната локација е Националниот Парк "Пелистер". Сепак, предметната локација се наоѓа на безбедно растојание од сите околни заштитени подрачја, односно истите нема да бидат засегнати од изведбата на проектните активности. Со реализацијата на предвидените проектни активности на предметната локација ќе се јават и одредени влијанија врз околниот растителен и животински свет. Овие влијанија се очекува да бидат локални и краткотрајни, односно со примена на добрата градежна пракса истите да бидат соодветно отстранети по завршувањето на градежните активности.<br>Мерките за ублажување на влијанието врз пределот, покрај препораките за ублажување, |

| | |
|---|---|
| | намалување на големината на градилиштето, примената на добри практики за проектирање и изградба, внимателно оддржување и соодветно одржување на редот и чистотата на градилиштето, вклучуваат и:<br>➢ Брзо одлагање на градежниот шут на одобрените места;<br>➢ Ископаниот материјал, доколку е можно, да се искористи за пополнување на дупките направени при вадење на песок;<br>➢ Внимателно затварање на градилиштата/местата за одлагање на отпад/чистење на градилиштето по завршување на градежните работи/ре-вегетација на областа;<br>➢ Комплетирање на градежните активности со отстранување на сите пречки.<br>Биодиверзитетот ќе се заштитува на следниот начин:<br>➢ Внимателно планирање на градежните работи со цел намалување на влијанијата врз живеалиштата, флората и фауната;<br>➢ Внимателно планирање на активностите при градба;<br>➢ Избегнување на гласни звучни сигнали од возилата и градежните машини во областите каде има живеалишта на посебни видови;<br>➢ По градбата да се изведат активностите за рехабилитација на локацијата, ископите, со садење на трева и дрвја или други соодветни мерки:<br>➢ компензација на вегетацијата со садење на дрвја, грмушки и треви отпорни кон пожар со цел подобрување на визуелните ефекти;<br>➢ пошумување на голите шумски површини со автохтони видови на дрвја и грмушки карактеристични за подрачјето.<br>Во секој случај, најсоодветна и најквалитетна заштита на биолошката разновидност при било кој проект кој вклучува градежни активности се постигнува доколку:<br>Осетливите терестрични станишта се целосно непроменети при изведбата на проектните активности; градежни активности во рамките на осетливи и заштитени станишта најдобро се избегнуваат уште при процесот на проектирање;<br>Постоечките карактеристики на терестричните и/или водни станишта се вклучени при самата изработка на проектот за конкретната локација и истите се |

| | |
|---|---|
| | заштитени од било каква промена;<br>Бидат изградени дополнителни станишта со цел да се компензира на некој начин загубата на постоечките станишта и со цел да се подобрат пределните и еколошките потенцијали на проектната локација;<br>Плановите за реставрација вклучуваат мерки за подобрување на еколошкиот статус на локацијата.<br>За да се избегне негативното влијание од губитокот на шума, неопходно е да се изврши пошумување на автохтони видови кои се карактеристични за тој предел. ( За соработка и елаборирање околу растителниот појас, потребна е соработка со јавното претпријатие "Македонски шуми"<br>Оперативна фаза<br>За време на оперативната фаза можни се влијанија врз биолошката. Во тој случај треба да се применат мерките за намалување на влијанијата опишани за конструктивната фаза.<br>Во случај на хаварија, која претставува непредвидлива појава во однос на времето и локацијата каде што може да се случи, влијанијата врз медиумите на животната средина и здравјето и безбедноста на луѓето можат да бидат многу сериозни и штетни. Во овој случај треба да се применат препораките на Дирекцијата за заштита и спасување. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Преставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на живеењето и животната средина |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Подготвителни активности: во кои се вбројуваат расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото; Градежни активности: во кои се вбројуваат земјаните активности (усеци, насипи, ископи или набивање на земјиштето и др.) и истите се однесуваат на сите елементи на изведба. Во тек на експлоатациониот период, редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи (инспекција, поправки, замена на делови и сл.) би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина. Времените објекти (кампови) кои би служеле како место во кое би престојувале работниците во периодот на извршување и спроведување на активностите, исто така претставуваат потенцијален извор на загадување на животната средина. Влијанија врз животната средина се одразуваат преку специфичните промени што се јавуваат во сите медиуми на животната средина. Промената на условите само во еден медиум може да предизвика промена во сите останати. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при |

| |
|---|
| санација и стабилизација на свлечишта на регионален пат Р2331 во Општина Битола со идентификуван и манифестиран хазард И ризик за населението И локалната патна инфраструктура, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одрживиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**<br>- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 во Општина Битола, ќе се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.<br>- Ќе се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.<br>- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>По комплетирањето на податоците добиени од деталната теренска проспекција, геолошкото картирање, геотехничките теренски истражувања и лабораториски испитувања, обезбедени се доволно податоци за точна проценка на факторите кои го регулираат однесувањето на теренот на оваа делница од патот.Главната причина за појава на нестабилност на теренот е лизгањето на делувиумотшто се должи на влажноста на почвата. Всушност, во период на зголемена водозаситеност на почвата, јакосните карактеристики на делувиумот се намалуваат, па почвата почнува да се лизга во исти товарни услови. Во текот на теренските проспекции, не се детектирани видливи индикации на типично свлечиште. На терен се видливи почвени деформации, типични за појавата на свлекување на земјиште. Проблематиката со нестабилноста на земјиштетона проектната локација откриена во 70-тите години од минатиот век, кога за прв пат е детектирано активирање на свлечиштето. Со свлечиштето се опфаќа и делницата од регионалниот пат со должина од околу 200 m, потоа се опфаќа и алиментациониот канал на хидро – мелиоративниот систем “Стрежево”, како и неколку индивидуални стамбени објекти кои се наоѓаат во непосредна близина на детектираното. Со цел да се спречи свлекувањето на патот и да се оневозможат и понатамошни нестабилности, во текот на годините се правени најразлични мерки за стабилизација на свлечиштето, а пред неколку години изведен е плитко фундиран габионски ѕид по должината на патот. Со оглед на тоа што габионскиот ѕид е фундиран во горните слоеви на делувиум, каде што со текот на времето се случени доста движења на почвата, истиот има претрпено големи деформации заради кои што повеќе не е употреблив, односно ја има изгубено функцијата на потпирање на трупот на патот. Согласно тоа, ниту габионскиот ѕид, а ниту останатите санациони мерки не |

| |
|---|
| биле доволни за да го спречат развивањето на понатамошните деформации на патот и теренот воопшто. Од севкупната техничка документација како и од спроведените теренски и лабораториски истражни работи, може да се констатира дека станува збор за поголемо старо фосилно свлечиште во чии рамки се забележани поплитки свлекувања, а во сите досегашни извршени истражувања, не е јасно колкави се неговите димензии во длабочина. Со оглед на тоа што деформации од свлечиштето се забележани и на регионалниот пат и на стариот пат за Нижеполе може да се заклучи дека свлечишето е со доста големи димензии.<br>Цел на оваа техничка документација е санација на појавените нестабилни зони, извршени се теренски истражни работи со цел да се увидат причините за појава на истите, како и да се дадат соодветни технички решенија за нивна стабилизација.<br>Врз основа на Проектната програма примарната цел на решението е развивање на мерки за санација и превенција на понатамошни нестабилности и свлекувања на регионалниот пат. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 Општина Битола, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на |

| | |
|---|---|
| дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроводување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер<br>Александар Николоски** |
| Бр. 67-1978/8<br>Датум: 27.10.2025 год.<br>Место: Скопје | М.П. |